Сл. ✓

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник РСМ бр. 42/20), објавува

# О Г Л А С
## за избор на

I

1. **Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје**

II

2. **Виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Гостивар**

III

3. **Основен јавен обвинители на Основното јавно обвинителство Битола**

IV

5. **Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес**

V

6. **Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар**

VI

7. **Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово**

VII

8. **Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци**

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл. 61 од Законот за јавно обвинителство (Сл весник на РСМ бр. 42/20) потребно е како посебен услов да исполнуваат:

I. Кандидатите за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителсво, потребно е како посебен услов да имаат непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку осум години и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години.

II. Кандидатите за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство потребно е како посебен услов да имаат непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку шест години и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на ул. "Кеј Димитар Влахов"бр.4, V спрат во рок од 15 дена од објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-173/1
Скопје, 30.09.2022 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**